ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 04/22



01.04.2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА КАЗНЕНО ПРАВО (50804 ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје на својата 259 седница одржана на ден 11.01.2022 година донесе одлука со број 02-29/1 од 12.01.2022 година за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно – научни звања за наставо-научната област **КАЗНЕНО ПРАВО** во состав:

1. Проф. д-р Беса Арифи, редовен професор на Правниот факултет при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, (претседател).
2. Проф. д-р Ѓорги Сламков, вонреден професор на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Скопје
3. Проф. д-р. Билјана Тодорова вонреден професор на Правен факултет при Универзитет "Гоце Делчев" - Штип

Рецензентската комисија, по разгледување на поднесената документација, му го поднесува на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки во состав на Европскиот Универзитет - Скопје, следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс од страна на Деканот на Факултет за правни науки при Европски Универзитет - Скопје на ден 15.10.2021 година во дневниот весник "Вечер" за избор на наставник во сите наставно – научни звања за наставно-научната област **КАЗНЕНО ПРАВО (50804 Фраскатиева класификација)** при Факултетот за правни науки во состав на Европскиот Универзитет – Скопје е пријавен само кандидатот д-р Марјан Габеров.

Кандидатот ги приложи сите потребни документи согласно Конкурсот и условите за избор во наставно-научно звања согласно Законот за високо образование на Република Северна Македонија. Во обемната документација се приложени следниве докази за исполнетост на условите: пријава по конкурсот, кратка биографија со приказ на професионалниот развој на неговата научно-истражувачка, наставна, стручно-апликативна и развојно-организациска дејност, диплома за научен степен доктор на правни науки од област казнено правои, уверение за стекнат степен доктор на правни науки во областа на казненото право, уверение за завршен II (втор) циклус на студии со просечен успех од 9,33, уверение за завршен I (прв) циклус на студии со просечен успех од 8,62, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од истите, уверение за државјанство, сертификат за познавање на работа со компјутери (MS Office пакет), сертификат за познавање на англиски јазик, одлука за избор на доцент на Факултет за правни науки при Европски Универзитет – Скопје во област казнено право.

Врз основа на поднесената пријава, како и врз приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следниот опус на научно-истражувачката, наставно-научната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатот д-р Марјан Габеров:

I. Биографски податоци на д-р Марјан Габеров;
II. Преглед и оцена на научно-истражувачката, наставно-научната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност;
III. Оцена за исполнетоста на условите за избор во наставно-научно звање Вонреден професор за наставно-научната област КАЗНЕНО ПРАВО (50804 Фраскатиева класификација);

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Марјан Габеров е роден на 03.04.1987 година во Велес каде го завршува основното и средно образование.

Додипломските студии ги завршува на Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, во 2009 година, на насоката правни студии со просечен успех 8,62, при што се стекнува со назив "дипломиран правник".

Во академската 2009/2010 година кандидатот д-р Марјан Габеров се запишува на постдипломски студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на насоката казнено право. Постдипломските студии ги завршува во 2011 година, со одбраната на магистерскиот труд под наслов "*Феноменолошките карактеристики на криминалитетот на насилство во Република Македонија*", под менторство на проф. д-р Гордана Бужаровска – Лажетиќ, со просечен успех 9,33, при што се стекнува со назив "магистер по право".

Во 2017 година на Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, кандидатот ја одбранува докторската дисертација под наслов *"Правната заштита на жртвите на семејно насилство, негова феноменологија, типологизација и кривично правната одговорност на сторителите во казнената квалификација на овие дела – со осврт на Република Македонија"*, под менторство на проф. д-р Гордана Бужаровска – Лажетиќ, каде што се стекнува со назив "доктор на правни науки, од област казнено право".

Покрај формалното образование, д-р Марјан Габеров има комплетирано, посетувано и завршено многу други неформални школи и обуки.

Во периодот од 2010 година од 2013 година д-р Марјан Габеров е постојан член на тимот за брз одговор за заштита и спасување од поплави при Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија. Во рамките на овој ангажман кандидатот зема активно учество во обуки поврзани со делокругот на работа на Дирекцијата и тимот за заштита од поплави, посетување на соодветни семинари од областа, учество во разрешување на природни непогоди и вондредни состојби.

Во текот на 2011 година д-р Марјан Габеров активно учествува во проектот "Симулирано судење", организиран од страна на Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје

во соработка со Адвокатската комора на Република Македонија и Основен суд Скопје 1 – Скопје, по повод денот на правосудството.

Во периодот од 2011 година до 2012 година д-р Марјан Габеров работи во канцеларија на Адвокат Дејан Теов од Велес, како адвокатски приправник со цел остварување на потребната практика за стекнување на право за полагање на правосуден испит. Во рамките на овој ангажман кандидатот врши застапување пред надлежните државни органи, изготвување на писмена, правна помош и правни совети за постојани клиенти, извршување на целокупната работа која влегува во делот на адвокатурата.

Во текот на 2013 година д-р Марјан Габеров го положува Правосудниот испит, каде што се стекнува со Уверение за положен правосуден испит издадено од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Во 2014 година д-р Марјан Габеров започнува да работи на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет– Скопје, при што е избран во соработничко звање помлад асистент по група предмети од областа на правните науки, каде што учествува во реализирањето на наставните програми: Вовед во правото, Казнено право, Казнено процесно право, Малолетничко казнено право, Уставно право, Правосудство и организација, Основи на меѓународно јавно право.

Од 2014 година, па до денес д-р Марјан Габеров е постојан соработник на специјализираниот портал за право и правни прашања, Правдико (www/pravdiko.mk). Ангажманот се состои во објавување на статии и мислења кои непосредно се однесуваат на правото, како и стручни елаборации од предметната област.

Во 2016 година д-р Марјан Габеров е избран во соработничко звање асистент од областа на казнено право (50804 Фраскатиева класификација), на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет Република Македонија, каде што учествува во реализирањето на наставните програми: Казнено право, Малолетничко казнено право, Меѓународно казнено право, Казнено право - применета програма, Казнено процесно право.

Во 2017 година д-р Марјан Габеров е избран за наставник од област казнено право (50804 Фраскатиева класификација), на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Скопје, каде што учествува во реализирањето на наставните програми од потесна област.

Во 2019 година е избран за декан на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Скопје.

Во 2019 година кандидатот реализира предавања на Економски факултет – Ниш, при Универзитетот во Ниш во рамките на еразмус + програмата, која се однесува на мобилност на наставен кадар.

Во 2021 година кандидатот реализира предавања на Економски факултет – Ниш, при Универзитетот во Ниш во рамките на еразмус + програмата, која се однесува на мобилност на наставен кадар.

Кадидатот д-р Марјан Габеров академски се служи со англискиот јазик.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

**1. Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија:**

Д-р Марјан Габеров своите научни истражувања ги фокусира кон анализа на казнено правни и криминолошки теми. Кандидатот д-р Марјан Габеров ги има објавено следниве научни трудови:

а. Научни трудови во зборници и научни и стручни списанија:

1) **"Семејно насилство врз деца во контекст на конвенцијата за правата на детето"** труд објавен во Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 28, бр. 1 - 2, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2021 година
2) **"Феноменологија на сообраќајна деликвенција"**, труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 5, No. 10, Европски Универзитет – Скопје, 2021 година,
3) **"Феноменологија на психичкото семејно насилство"**, труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 5, No. 9, Европски Универзитет – Скопје, 2021 година,
4) **"Казнено – правна заштита од физичкото семејно насилство во Република Северна Македонија со посебен акцент на кривичнто дело "Убиство" и "Убиство на миг""**, труд објавен во Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 27, бр. 1 - 2, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2020 година,
5) **"Значењето на Европската конвенција за заштита на човековите права во борбата со семејното насилство"**, труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 4, No. 7, Европски Универзитет – Скопје, 2020 година,
6) **"Конвнција за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство – базичен документ за заштита од родово базирано насилство"**, труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 3, No. 6, Европски Универзитет Република Македонија, 2019 година,
7) **"Семејно насилство врз жени ромки во Република Македонија"**, труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 3, No. 5, Европски Универзитет Република Македонија, 2019 година,
8) **"Вештачка интелегенција – закана или гарант на безбедноста"**, труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 2, No. 4, Европски Универзитет Република Македонија, 2018 година,
9) **"Жените и семејното насилство – дух на љубов и толеранција"**, труд објавен во монографија "Жената во современото општество", Европски Универзитет Република Македонија, 2018 година,
10) **"Правната регулација на семејното насилство во рамките на универзалната декларација на Обединетите Нации за човекови права"**, труд објавен во Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 25, бр. 1, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2018 година,

11) **“Убиство при вршење на семејно насилство”** труд објавен во Годишен зборник на Правен факултет – Штип, бр. 8, Универзитет “Гоце Делчев”- Штип, 2018 година
12) **Независноста на судството како предуслов за заштита на човековите права”,** труд објавен во стручното списание “Правен дијалог”, Институт за човекови права, број 17, март 2018 година,
13) **“Феноменологија на семејното насилство”,** труд објавен во Годишен зборник на Правен факултет – Штип, бр. 7, Универзитет “Гоце Делчев”- Штип, 2017 година,
14) **“Domestic Violence Over The Elderly With Special Emphasis On The Republic Of Macedonia”,** in International journal of research in social sciences, Volume 7, Issue 8, ISSN: 2249-2496, August 2017,
15) **“Physical Domestic Violence as one of the Types of Domestic Violence with Special Emphasis on The Republic Of Macedonia”,** in Research Journal of Social Science & Management, Volume 7, Number 04, ISSN: 2251 – 1571, August 2017,
16) **“Конвенцијата за правата на детето и семејното насилство”,** труд објавен во стручното списание “Правен дијалог”, Институт за човекови права, број 15, септември 2017 година,
17) **“Казнено правни аспекти на управувањето со отпад во Република Македонија”,** труд објавен во ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 1, No. 2, Европски Универзитет Република Македонија, 2017 година,

**2. Учество на научни собири, конференции**:

Научните резултати д-р Марјан Габеров ги презентирал на следните конференции, научни собири, симпозиуми и академски гостувања:

2021 **“Феноменологија на психичкото семејно насилство”** во рамките на дискусијата на Единаесеттата меѓународна научна конференција, под наслов “Науката и уметноста во услови на пандемија”, во организација на Европски Универзитет - Скопје, 24. 09.2021 година,

2021 **“Феноменологија на сообраќајна деликвенција”,** во рамките на дискусијата на Единаесеттата меѓународна научна конференција, под наслов “Науката и уметноста во услови на пандемија”, во организација на Европски Универзитет - Скопје, 24. 09.2021 година,

2020 **“Значењето на Европската конвенција за заштитата на човековите права во борбата со семејното насилство”** во рамките на дискусијата на Десетта меѓународна научна конференција, под наслов “Патот кон успехот – иновација, интеракција, имплементација”, во организација на Европски Универзитет - Скопје, 25. 09.2020 година,

2019 **“Конвенција за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство – базичен документ за заштита од родово базирано насилство”** во рамките на дискусијата на Деветта меѓународна научна конференција, под наслов “Новите парадигми на инклузивното општество”, во организација на Европски Универзитет - Скопје, 26 – 27.09. 2019 година,

2019 **“Семејно насилство врз жени ромки во Република Македонија”**, во рамките на дискусијата на Деветта меѓународна научна конференција, под наслов “Новите парадигми на инклузивното општество”, во организација на Европски Универзитет - Скопје, 26 – 27.09. 2019 година,

2018 **“Вештачка интелегенција – закана или гарант на безбедноста”**, во рамките на дискусијата на Осмата меѓународна научна конференција, под наслов “Вештачка интелегенција – предизвик на дигиталната ера”, во организација на Европски Универзитет - Скопје,14.09. 2019 година,

2017 **“Казнено правни аспекти на управувањето со отпад како и заштитата на животната средина”** во рамките на дискусијата на Седмата меѓународна научна конференција, под наслов “Современи аспекти на циркуларната економија”, во организација на Европски Универзитет - Скопје, 13.09. 2017 година,

**3. Одржување настава на прв и втор циклус на студии**:

Д-р Марјан Габеров посебно се истакнува со наставните искуства произлезени од активниот ангажман во наставата на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет – Скопје, како и на Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот Универзитет – Скопје.

Неговиот ангажман на Факултетот за правни науки и Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет - Скопје, во својство на наставник (доцент) опфаќа реализација на настава на студии од прв и втор циклус на студии, по предметите: Казнено право, Вовед во правото, Малолетничко казнено право, Методологија, Малолетничка деликвенција, Меѓународно казнено право, Казнено право – применета програма, Пенологија.

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

1. **Подготовка на наставни програми и останати организациски активности:**

Д-р Марјан Габеров, во текот на неговиот ангажман на Европски Универзитет - Скопје, активно учествувал во развојните тимови за подготовката на наставните програми на Факултетот за правни науки за студиите од прв и втор циклус. Кандидатот активно учествувал во техничко, организациско, тематско, структурно и дидактичко подготвување на наставните оптоварувања и наставните задолженија во рамките на сите курикуларни активности на факултетот. Активно учествувал и во подготовката на елаборатите за акредитација на студиските степени и циклуси, како и во подготовката на поднесоците за усогласените наставни програми со тековните законски решенија и обврски. Кандидатот д-р Марјан Габеров активно учествувал во организационите одбори на меѓународните научни конференции и проекти во организација на Европскиот Универзитет– Скопје. Кандидатот учествувал и во тимовите за спроведување на самоевалуација на Универзитетот,

како претставник од Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложениот преглед на биографијата, професионалниот наставно – научен развој и резултатите од неговата научно – истражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, Комисијата може да заклучи дека кандидатот д-р Марјан Габеров ги исполнува условите од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно – научни, научни и наставни звања и соработници на Европски Универзитет - Скопје и условите кои ги предвидува Законот за високо образование на Република Северна Македонија.

Кандидатот д-р Марјан Габеров е доктор по правни науки, област казнено право. Просечниот успех на I (првиот) циклус на студии од 8,62 и II (вториот) циклус на студии од 9,33 укажува на исполнетост на законските услови во поглед на просекот на кандидатот. Кандидатот има објавено минимум пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

Научните размислувања и истражувачки резултати на д-р Марјан Габеров се значаен прилог кон современите промислувања за казнено – правната и криминолошката област во рамките на македонската научна мисла. Неговата способност за квалитетно изведување на наставно-научната дејност е потврдена во неговото ангажирање како наставник – доцент на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет – Скопје.

Врз основа на неговите научно-истражувачки и наставно-научни резултати, Рецензентската комисија има академска чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки во состав на Европски Универзитет - Скопје да го усвои овој Извештај и да го избере д-р Марјан Габеров за наставник во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** за наставно-научната област **КАЗНЕНО ПРАВО.**

**Скопје, 15.03.2022 год.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Беса Арифи (Претседател)**

____________________________

**Проф. д-р Ѓорги Сламков (член)**

____________________________

**Проф. д-р Билјана Тодорова (член)**

____________________________